13539

Нова Македонија, Скопје, 21.VI.1970

# ЕДНА ИНИЦИЈАТИВА И НЕЈЗИНИОТ ЕФЕКТ

## КОЛКУ Е ОСТВАРЛИВА АКЦИЈАТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ПОТОА ЌЕ БИДАТ НАМЕНЕТИ ЗА ПОСТОЈАН ОТКУП НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА?

**Пишуваме за тоа колку е тешко младиот уметник да се пробие во годишните планови на уметничките галерии. Исто така, нагласивме дека доколку на непозната вредност и се укаже можност самостојно да биде презентирана во ликовните галерии, тогаш, авторот треба да рас полага со поголема сума пари за да ги покрие трошоците околу организирањето на изложбата.**

**И во еден контекст од такво работење на нашите изложбени ликовни салони, не секој уметник може да го воспостави вистинскиот контакт со публиката. Меѓутоа, во таа секојднев на работа на галериите, некои моменти, чисто организациони навистина се за поздравување.**

На пример, Музејот на современата уметност во Скопје, по земјотресот, во градот разви мошне богата уметничка програма Речиси редовно во изложбената сала на овој музеј, сместена во центарот на градот, се приредуваат постановки на ликовни дела од наши истакнати уметници, вклучувајќи ги и настапите на југословенските па и некои светски уметници.

Понесен од примерот на светските галерии, а и од практиката во некои наши уметнички галерии во Југославија, оваа ликовна институција, покрај организирањето на изложбите, на уметникот што му ја приредува изложбата му овозможува целосна поддршка и афирмација. Секако е добро тоа што Музејот на современа уметност од Скопје се зафаќа со една таква мошне благородна акција, а тоа е афирмација пред сè на непознатата уметничка вредност.

Од друга страна, Музејот, од уметникот кој ја приредува изложбата, бара и отстапување на една слика, платно, графика, скулптура и слично, со што на уметникот му овозможува и учество во ликовната колекција на Музејот, која располага со бројни дела од домашни и странски уметници.

Тоа е сè во ред и добро е што е најден еден таков заеднички јазик и форма на соработка меѓу институцијата и индивидуалниот уметник. Меѓутоа, Музејот, за да му излезе во пресрет на уметникот, чија изложба се приредува, се ангажира и во реализирањето на една поинаква акција. Имено, Музејот до повеќе работни организации прати циркуларно писмо со кое самоуправните тела во работните организации ги информира за тоа дека презема акција за собирање парични средства за откупување на ликовни дела. Во писмото на Музејот, меѓу другото, стои дека од своја страна, оваа институција, на оние работни колективи што ќе доделат извесна сума пари за откупување на ликовни дела, ќе испраќа одреден број бесплатни влезни билети за посета на изложбите. Всушност, преку една ваква акција се бара врската меѓу уметноста и работниот човек, поточно, нејзино доближување и проширување.

Меѓутоа, според циркуларното писмо, Музејот од работните организации бара пари, а не, да речеме, согласност дека работната организација, сеедно која, ќе откупи едно дело изложено на изложбата што ја организира Музејот и кое тоа како стручна институција го препорачува за откуп.

Значи, во случајов се работи за насочување на една акција. Поприфатливо би било во овој момент да се бараат вистинските врски на уметноста и публиката преку нејзино постојано присуство: надополнување на уметноста со публиката и обратно. Всушност, сосема е подруг ефект ако едно дело дојде во работната организација, отколку тоа, според концепцијата на Музејот, да стои во неговата колекција.

И, да заклучиме, Музејот својата акција треба да ја преформулира и според тоа, од работните организации да бара согласност за откуп на вредно ликовно дело кое своето место ќе си го најде во работната организација, а по барање на Музејот може да биде позајмувано на определена манифестација.

**Ѓ. ПОПОВСКИ**